13-3000/1

15.08.2023

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ СО КОИ СЕ ВОСПОСТАВЕНИ МЕХАНИЗМИ ЗА СЕГРЕГАЦИЈА ПОМЕЃУ СРЕДСТВАТА НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ И УЧЕСНИЦИТЕ

Јули, 2023 година

## СОДРЖИНА

1. Вовед ..... 3
2. Цел на документот ..... 3
3. Применување на процедурата ..... 4
4. Поврзани акти ..... 4
5. Членки на Депозитарот ..... 4
6. Отворање на сметки за хартии од вредност ..... 5
7. Видови сметки на хартии од вредност ..... 5
8. Имот на Депозитарот и имот на членка ..... 10
9. Одговорност на Депозитарот ..... 12
10. Проценка на ризиците ..... 12
11. Стечај над членка на Депозитарот ..... 12
12. Трошоци ..... 12
13. Резиме ..... 12
14. Транспарентност ..... 13
15. Завршна одредба ..... 13

Врз основа на член 19-з од Статутот на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Извршниот директор, на 15.08.2023 година донесе

# ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ

## со кои се воспоставени механизми за сегрегација помеѓу средствата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје и учесниците

### 1. Вовед

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (во понатамошниот текст: Депозитарот) согласно Законот за хартии од вредност во кој се предвидени функциите кои ги извршува Депозитарот, меѓуостанатото врши функција на регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Северна Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност).

Една од клучините определби на Депозитарот, како единствена институција во Република Северна Македонија која го води регистарот на хартии од вредност и врши порамнување на трансакции со хартии од вредност, е на точен, безбеден и ефикасен начин да ја врши функцијата на регистрирање на хартиите од вредност на сметките на имателите на хартии од вредност. За таа цел во Депозитарот се отвораат повеќе видови сметки за хартии од вредност, кои на имателот на сметката односно на имателот на хартиите од вредност евидентиран на таа сметка, му даваат права во зависност од видот на сметката, согласно правниот основ на стекнување со хартии од вредност од страна на имателот на сметката како и договорните релации кои ги остварува со членките на Депозитарот или други лица, но и во врска со одлуки на надлежни институции и тела.

Депозитарот континуирано презема мерки за намалување, односно елиминирање на ризиците кои произлегуваат од отворањето на сметки за хартии од вредност, а со цел јасно раздвојување (сегрегација) на имотот на Депозитарот, имотот на членките на Депозитарот и имотот на сопствениците на хартии од вредност.

### 2. Цел на документот

Целта на овие Правила и процедури со кои се воспоставени механизми за сегрегација помеѓу средствата на Депозитарот и учесниците (во понатамошниот текст: Правила) е да ја обезбеди и потврди подвоеноста помеѓу средствата на Депозитарот и средствата на членките на Депозитарот, како и подвоеноста помеѓу средствата на имателите на хартии од вредност. Овие Правила го следат Принципот 11 од Принципите на на IOSCO за инфраструктурите на финансиски пазари, според кој Депозитарот треба да користи робустен систем кој обезбедува сегрегација помеѓу сопствените средства на Депозитарот и хартиите од вредност на неговите членки и сегрегација меѓу хартиите од вредност на членките. Ако тоа е предвидено од правната регулатива, Депозитарот треба да овозможи и оперативно раздвојување на хартиите од вредност што им припаѓаат на клиентите на учесникот во книгите на учесникот и да го олесни преносот на сопственоста на клиентите.

## 3. Применување на процедурата

Постапките и активите кои се наведени во оваа процедура ги применуваат сите вработени во дирекциите на Депозитарот коишто се вклучени во процесот отворање и ажурирање на сметки на хартии од вредност, вршење на преноси на сметки со хартии од вредност, како и вработените кои учествуваат во процесот на управување со имотот на Депозитарот и вработените кај членките. Истата треба да се применува во соодветна поврзаност со сите други законски, подзаконски и интерни акти како и процедури на Депозитарот.

## 4. Поврзани акти

Овој документ е поврзан со повеќе законски и подзаконски прописи, како и акти на Депозитарот, и тоа:

- Закон за хартии од вредност
- Правила за работа на ЦДХВ АД Скопје
- Упатство за спроведување на уписи на корпоративни дејствија, доделување на ИСИН број и ЦФИ ознаки на ЦДХВ АД Скопје
- Упатство за спроведување уписи на промени на сметки на хартии од вредност на ЦДХВ АД Скопје
- Упатство за отворање на сметки од страна на членки на ЦДХВ АД Скопје – берзански посредници
- Упатство за потребната документација за отворање на сметки на хартии од вредност и за ажурирање на податоци на сметките, од страна на ЦДХВ АД Скопје
- Одлуката за начин на работа со посебната сметка на Комисијата за хартии од вредност на РСМ (за паричното порамнување)
- Правила на ЦДХВ за поврзување со странски депозитари или странски институции кои вршат порамнување на прекугранични трансакции со хартии од вредност

Актите на Депозитарот, се структурираат и чуваат во електронската База на прописи до која имаат пристап вработените согласно нивните работни задолженија.

## 5. Членки на Депозитарот

Членки на Депозитарот се учесници во смисла на Принципот 11 од PFMI и можат да бидат брокерски куќи, банки и друштва за управување со инвестициски фондови. Членките во име и за сметка на своите клиенти или во свое име и за своја сметка може да ги користат услугите што ги обезедува Депозитарот во обем предвиден со издадената дозвола за вршење на услуги со хартии од вредност од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисијата), односно Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: НБРСМ). Условите и постапката за прием и престанок на членството, го утврдува Депозитарот со посебни Правила.

Членки во Депозитарот, во смисла на став 1 од овие Правила, можат да бидат:

1. Брокерска куќа, банка или подружница на странска брокерска куќа (берзански посредник), која како овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, има добиено дозвола за работа од Комисијата и тргува на овластена берза на хартии од вредност;

2. Друштво за управување со инвестициски фондови кое има добиено дозвола за работа од Комисијата за вршење на услуги управување со портфолио на хартии од вредност;

3. Банка без дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата, доколку банката ги користи услугите на депозитарот само за порамнување на трансакции со хартии од вредност склучени на пазари преку шалтер организирани од страна на НБРСМ (ОТЦ-членка) или

4. Банка со дозвола за работа издадена од гувернерот на НБРСМ за давање на услуги на чување на имот на пензиски и инвестициски фондови и чување на хартии од вредност или овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, кој има добиено дозвола за работа од Комисијата за чување на хартии од вредност (членка - чувар).

## 6. Отворање на сметки за хартии од вредност

Под сметка на сопственикот на хартиите од вредност се сподразбира електронски запис во Депозитарот кој го идентификува сопственикот на хартии од вредност и неговите сопственички позиции. Во Депозитарот се отвораат повеќе видови на сметки

Отворање на сметка за хартии од вредност е постапка со која во системот на Депозитарот за прв пат се отвора сметка во форма на електронски запис за некој сопственик или издавач на хартии од вредност. Отворање на сметка на хартии од вредност во системот на Депозитарот може да се изврши:

- Директно во Депозитарот на барање на идниот сопственик на хартии од вредност, на барање на членка на Депозитарот која е берзански посредник, на барање на друштво за управување со инвестициски фондови или на барање на членка - чувар, во име и за сметка на нивни клиенти. Доколку барањето за отварање сметка го поднесува членка на Депозитарот, членката е одговорна за проверка на податоците за идентификација на клиентите;

- Преку членка на Депозитарот берзански посредник при што членката е должна да изврши идентификација на подносителот на барањето за отворање на сметка. Членката берзански посредник во системот на Депозитарот може да отвори само сопственичка сметка за хартии од вредност постапувајќи по посебно Упатство донесено од Депозитарот

- Преку издавачот на хартиите од вредност, при евидентирање на емисии на хартии од вредност, доколку сопственикот нема претходно отворена сметка во Депозитарот и

- од страна на Депозитарот.

Во зависност од типот на сметка, одговорни за отворање на сметки во Депозитарот се Дирекцијата за деловни операции и Дирекцијата за информатички технологии.

## 7. Видови сметки на хартии од вредност

Во Депозитарот, се отвораат и се ажурираат следните видови на сметки:

- Сопственичка сметка,
- Ограничена сметка,
- Сосопственичка сметка,
- Застапничка сметка,
- Старателска сметка,

- Портфолио сметка,
- Збирна сметка,
- Државна сметка,
- Групна продажна и куповна сметка,
- Издавачка сметка,
- Сметка за неидентификувани сопственици,
- Сметка за прекугранично порамнување.

Поимот, содржината и правата кои произлегуваат од сите видови на сметки се пропишани во Правилата за работа на Депозитарот, а начинот на отворање, овластено лице/субјект за поднесување на барање за отворање/ажурирање на посебните видови сметки, образецот на барањето, потребната документацијата за отворање на сметките и за нивно ажурирање, се пропишани со посебни акти кои ги донесува извршниот директор на Депозитарот (упатства).

### 7.1. Сопственичка сметка

Сопственичка сметка е сметка за хартии од вредност на која се евидентираат сите хартии од вредност во сопственост на одредено правно или физичко, странско или домашно лице, а кои се слободни од било какви ограничувања. Сопствениците на хартии од вредност за тргување и располагање на друг начин (нетрговски преноси) можат да ја користат само својата сопственичка сметка.

Сметката се отвора на име на сопственикот, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на други сопственици или од имотот на членките на Депозитарот.

### 7.2. Ограничена сметка

Отворање на ограничена сметка на хартии од вредност се врши врз основа на актот врз основа на кој се ограничуваат хартиите од вредност, издаден од овластен орган/лице (од актот на издавање, залог, правосилна судска одлука, одлука на НБРСМ, акт на Комисијата за хартии од вредност, акт на Управата за јавни приходи и друг надлежен орган согласно со закон).

Во ограничена може да се пренамени и друг вид на сметка, кога за тоа е поднесено барање од имателот на сметка на која не се евидентирани хартии од вредност, или причините за истото се од техничка природа (спојување на сметки, затворање на сметка и сл.).

Сметката се отвора на име на сопственикот, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на други сопственици или од имотот на членките на Депозитарот и од имотот на Депозитарот.

### 7.3. Сосопственичка сметка

Сосопственичка сметка на хартии од вредност се отвора на Барање поднесено од страна на идните сосопственици на хартии од вредност. Само еден сосопственик се регистрира како имател на сосопственичката сметка, на која се наведуваат и сопственичките делови на сите сосопственици.

Кон барањето се приложува и нотарски заверена изјава на сите сосопственици, со која само еден сосопственик се овластува во името на останатите да биде регистриран како имател на сметката. Во Изјавата се наведуваат и сопственичките делови на сите сосопственици.

Сметката се отвора на име на еден од сосопствениците, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на други сопственици или од имотот на членките на Депозитарот и од имотот на Депозитарот.

### 7.4. Застапничка сметка

Застапничката сметка се отвора врз основа на прописите кои го регулираат прашањето за законски застапник (на пр. за малолетни лица, лица лишени од деловна способност, друштва за управување со пензиски и инвестициски фондови), или врз основа на заверено полномошно со кое сопственикот на хартиите од вредност го доверува управувањето и располагањето со своите хартии од вредност и остварувањето на правата од тие хартии од вредност, на трето лице - застапник.

Застапничката сметка гласи на име на застапникот, а сопственик на хартиите од вредност на застапничката сметка е застапуваното лице. Идентификациските податоци за застапуваното лице се евидентираат на застапничката сметка како дополнителен податок.

За отворање на застапничка сметка за хартии од вредност до Депозитарот се доставува правно валидна документација, во зависност од односот меѓу двете лица, во оригинал или нотарски заверена копија, пропишана со посевно Упатство на извршниот директор.

Врз основа на поднесена докуменатација согласно оваа точка од Упатството, овластеното лице од Депозитарот отвора застапничка сметка врз основа на одобрение на раководителот на Дирекцијата за деловни операции, или раководителот на Дирекцијата за општи и правни прашања, или извршниот директор.

Сметката се отвора на име на застапникот, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на други сопственици или од имотот на членките на Депозитарот и од имотот на Депозитарот. Сметката во својата структура содржи идентификациони податоци за крајниот сопственик (beneficial owner).

### 7.5. Старателска сметка

Старателска сметка на хартии од вредност е сметка која се отвора на барање на овластен учесник или банка чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, кое содржи изјава на овластениот учесник или банката чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови дека барањето е засновано на склучен договор со клиент, и изјава дека овластениот учесник или банка чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови ги има сите потребни одобренија и дозволи од надлежни институции.

Старателската сметка се отвора на име на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност или банката чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, а сопственик на хартиите од вредност на оваа сметка е лицето за чија сметка овластениот учесник и/или банката чувар на имот за пензиски и инвестициски фондови води грижа за хартиите од вредност (инвеститор).

За еден овластен учесник на пазарот на хартии од вредност и/или банка чувар на имот за инвестициски и пензиски фондови Депозитарот може да отвори само една старателска сметка за еден инвеститор.

Доколку инвеститорот не е ни физичко ни правно лице (инвестициски или приватен фонд, пензиски фонд и сл), Депозитарот заради утврдување на идентификацискиот број на фондот може да побара од овластениот учесник или банка чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови да достави извадок од надлежниот регистар каде е регистриран фондот (КХВ, МАПАС) или од странски регистар, доколку станува збор за фонд регистриран во странство.

Сметката се отвора на име на овластениот учесник (Членка) и/или банката чувар на имот, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на други сопственици или од имотот на членките на Депозитарот и од имотот на Депозитарот. Сметката во својата структура содржи идентификациони податоци за крајниот сопственик (beneficial owner).

### 7.6. Портфолио сметка

Отворањето на портфолио сметка на хартии од вредност Барање за отворање на портфолио сметка, поднесено од овластен учесник, кој содржи изјава на овластениот учесник дека барањето е засновано на склучен договор со клиент, и изјава дека овластениот учесник ги има сите потребни одобренија и дозволи од надлежни институции.

Портфолио сметка за хартии од вредност се отвора на име на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, а сопственик на хартиите од вредност на портфолио сметката е вложувачот-налогодавачот.

За еден овластен учесник на пазарот на хартии од вредност, Депозитарот може да отвори само една портфолио сметка за еден ист вложувач.

На барање на овластен учесник, Депозитарот може да отвори портфолио сметка за хартии од вредност на име на друштво за управување со инвестициски фондови или друштво за инвестиционо советување кое има дозвола за управување со портфолио на хартии од вредност, издадена од Комисијата. Сопственик на хартиите од вредност на портфолио сметката е вложувачот-налогодавачот

На барање на Друштво за управување со инвестициски фондови кое има дозвола за работа од Комисијата, која вклучува работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент – сопственик на портфолио и кое е членка на Депозитарот, Депозитарот може да отвори портфолио сметка за хартии од вредност на име на друштвото за управување со инвестициски фондови со примена на постапката предвидена во оваа точка од Упатството.

Сметката се отвора на име на овластениот учесник (Членка) и/или банката чувар на имот, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на други сопственици или од имотот на членките на Депозитарот и од имотот на Депозитарот. Сметката во својата структура содржи идентификациони податоци за крајниот сопственик (beneficial owner).

### 7.7. Збирна сметка

Отворањето на збирна сметка на хартии од вредност се врши врз основа на Барање поднесено од овластен учесник, и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвстициски фондови кое содржи изјава на овластениот учесник и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвстициски фондови дека барањето е засновано на склучен договор со клиент, и изјава дека овластениот учесник и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвстициски фондови ги има сите потребни одобренија и дозволи од надлежни институции (без дополнителни прилози).

Збирната сметка се отвора на име на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвстициски фондови, а за сметка на поединечен клиент – нерезидент или повеќе клиенти – нерезиденти. Сопственик на хартиите од вредност на збирната сметка е клиентот/клиентите.

За еден овластен учесник на пазарот на хартии од вредност и/или банка – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, Депозитарот може да отвори една или повеќе збирни сметки за поединечен клиент – нерезидент или за повеќе клиенти - нерезиденти.

Депозитарот не го утврдува идентитетот на клиентите на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови чии хартии од вредност кои се евидентираат на збирна сметка и истиот е познат само на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови. Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката – чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови е одговорна за точноста на податоците кои се потребни за идентификување на клиентите-нерезиденти чии хартии од вредност се евидентирани на збирни сметки за хартии од вредност.

Сметката се отвора на име на овластениот учесник (Членка) и/или банката чувар на имот, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на членките на Депозитарот и од имотот на Депозитарот. Сметката во својата структура не содржи идентификациони податоци за крајниот сопственик (beneficial owner).

### 7.8. Државна сметка

Отворањето на државна сметка на хартии од вредност се врши, врз основа на поднесено Барање/писмен допис за отворање на државна сметка на хартии од вредност, поднесено од државен орган, во кој е наведен основот за отворање на државна сметка.

Сметката има технички карактер и хартиите од вредност евидентирани на сметката не претставуваат имот на државниот орган, туку се користи за евидентирање на исплати со хартии од вредност кон тој државен орган. Исплатите се спроведуваат врз основа на соодветни прописи.

### 7.9. Групна продажна и куповна сметка

Отворањето на групна продажна и куповна сметка на хартии од вредност се врши во Дирекцијата за информатичка технологија при пристапување во членство на Депозитарот од страна на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност (членка на Депозитарот-берзански посредник).

Сметката се отвора на име на овластениот учесник (Членка) и/или банката чувар на имот, а хартиите од вредност евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на членките на Депозитарот и од имотот на Депозитарот. Сметката во својата структура не содржи идентификациони податоци за крајниот сопственик (beneficial owner).Сметката е од технички карактер и се користи за порамнување на групни продажби и купувања.

### 7.10. Издавачка сметка

Отворањето на издавачка сметка на хартии од вредност се врши врз основа на Барање за упис на акционерско друштво во системот на Депозитарот и приложена соодветна документација, пропишана со посебно Упатството кое го носи извршниот директор на Депозитарот.

Сметката се користи само за дистрибуција на хартии од вредност на сметки на сопствениците. Сметката се отвора на име на издавачот, а хартиите од вредност привремено евидентирани на сметката се сегрегирани од имотот на членките на

Депозитарот и од имотот на Депозитарот. Сметката во својата структура не содржи идентификациони податоци за крајниот сопственик (beneficial owner).

### 7.11. Сметка за неидентификувани акционери

Сметка за неидентификувани сопственици е сметка која Депозитарот ја отвора на име на издавачот на хартии од вредност на која се евидентираат хартии од вредност на сопственици за кои издавачот не е во можност да достави точни податоци. Издавачот не е сопственик на хартиите кои привремено се евидентираат на сметката.

Отворањето на сметка за неидентификувани акционери е автоматизирано.

### 7.12. Сметка за прекугранично порамнување

Сметка за прекугранично порамнување е сметка која во Депозитарот се отвора на име на странски депозитари, односно на име на странски институции кои вршат порамнување на хартии од вредност. Депозитарот ја отвора сметката за прекугранично порамнување врз основа на меѓусебно склучен договор со странски депозитар, односно странска институција која врши порамнување на прекугранични трансакции со хартии од вредност. Идентитетот на клиентите чии хартии од вредност се евидентираат на сметката за прекугранично порамнување е познат само на членките на странскиот депозитар. Сопственик на хартиите од вредност е членката или негови клиенти и тие се одвоени од имотот на странскиот депозитар. Пренос на хартии од вредност од сметката за прекугранично порамнување, на друга сметка за хартии од вредност се спроведува во Депозитарот по налог на членка на Депозитарот на начин и постапка уредени со Правилата на ЦДХВ за поврзување со странски депозитари или странски институции кои вршат порамнување на прекугранични трансакции со хартии од вредност и посебно Упатство донесено од Извршниот директор.

## 8. Имот на Депозитарот и имот на членка

### 8.1. Сметка за хартии од вредност на Депозитарот

Депозитарот согласно Законот за хартии од вредност, не смее да купи или на друг начин да стекне или поседува какви било хартии од вредност за сопствена сметка, доколку ги регистрира тие хартии од вредност во својот систем. По исклучок Депозитарот може да купи или на друг начин да стекне или поседува државни хартии од вредност, сопствени хартии од вредност или хартии од вредност издадени од други берзи и депозитари, со добиена дозвола за работење од орган надлежен за издавање на дозвола за работење на овие субјекти.

Оттука, имотот на Депозитарот кој се состои од хартии од вредност се евидентира на соодветен тип на сметка за хартии од вредност која гласи на име на Депозитарот и истиот е одвоен од хартиите од вредност во сопственост на членките, односно од хартиите од вредност во сопственост на клиентите на членките.

### 8.2. Сметка за порамнување на членката

Посебен вид на парична сметка е сметката за порамнување. Ова е специјална сметка на членката на Депозитар во Народната банка на РСМ за парично намирување на обврските по основ на склучените трансакции со хартии од вредност.

Со Одлука на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија се пропишува начинот на работа со оваа сметка, која правните лица кои вршат услуги со хартии од вредност со дозвола за работење добиена од Комисијата (брокерски куќи,

банки и подружници на странска брокерска куќа) ја отвораат во Народната банка на РСМ со намена за уплата на паричните средства на клиентите за плаќање на обврските за купените хартии од вредност и исплата на паричните средства добиени од продажбата на хартиите од вредност на клиентите.

Според Одлуката, членките се должни:

- да обезбедат дека клиентот кој има намера да купува хартии од вредност, паричните средства ќе ги уплати директно на сметката за порамнување најдоцна до денот на порамнување на трансакцијата;

- паричните средства од клиентот добиени од продажба на хартии од вредност, веднаш, но не подоцна од еден работен ден од приемот на средствата од продажбата, од сметката за порамнување во Народната Банка на РСМ да ги уплати исклучиво (освен во случаите пропишани со закон кога не зависи од волјата на клиентот) во име и за сметка на клиентот на неговата трансакциска сметка во деловна банка.

Паричните средства на клиентите кои се на сметката за порамнување на правното лице во Народната Банка на РСМ: не влегуваат во имотот на правното лице во случај на стечај или ликвидација и не можат да се користат за намирување на неговите обврски ниту да бидат предмет на принудна наплата за тоа правно лице и не можат да се користат за плаќање на обврските за купени хартии од вредност од еден за сметка на друг клиент.

Паричните средства на клиентите кои се на сметката за порамнување на правното лице – членка, во НБРСМ, се одвоени од паричните средства на Депозитарот и од паричните средства на клиентите на другите членки.

## 8.3. Уплати во постапка на јавна понуда на хартии од вредност

Овластениот учесник на пазарот за хартии од вредност кој во постапка на јавна понуда, учествува на куповната страна, уплатите од лицата кои запишуваат хартии од вредност ги прима на својата сметка за порамнување во НБРСМ. Сумата на парични средства која лицата кои запишале хартии од вредност во еден трговски ден била акумулирана на сметката за порамнување на овластениот учесник во НБРМ, овластениот учесник ја уплатува на посебната сметка на издавачот за примање на паричните средства од претходниот став на оваа точка, на дневна основа, најдоцна до 15 часот. Сумата на парични средства која е уплатена на сметката на овластениот учесник од лицата кои дале налог за купување на хартии од вредност од јавната понуда, а чиј налог не е реализиран, овластениот учесник е должен да ја врати најдоцна до 9 часот наредниот работен ден, на сметката на лицата кои дале налог.

Доколку јавната понуда на хартии од вредност (емисијата односно продажбата на сопствени акции) не е успешна веднаш по добивањето на известувањето за запишани и платени хартии од вредност Депозитарот дава налог на деловната банка во која се оди посебната сметка на издавачот, за враќање на средствата на сметка од која уплатите се пристигнати. Овластениот учесник, веднаш по пристигнувањето на паричните средства на неговата сметка за порамнување во НБРСМ, е должен да ги врати паричните средства на сметките на лицата кои запишале хартии од вредност.

Паричните средства во случај на неуспешна јавна понуда на хартии од вредност се враќаат заедно со вкупниот износ на депозитна камата за износот на парични средства уплатени за сите лица кои запишале хартии од вредност од јавната понуда кај определен овластен учесник. За овој износ Депозитарот во рок од два дена дава налог до деловната банка да бидат уплатени на сметката на овластениот учесник кој понатаму во рок од два дена врши распределба на паричните средства на секое лице кое

запишало хартии од врендост сразмерно на уплатениот износ на парични средства за запишаните хартии од вредност.

Паричните средства на клиентите на членките во постапка на јавна понуда, се одвоени од имотот на издавачот (се до прогласување на успешност на јавната понуда), членките и од имотот на Депозитарот.

## 9. Одговорност на Депозитарот

Паричните побарувања и обврски што произлегуваат од постапката на утврдување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност се однесуваат на учесниците во порамнувањето и нивните клиенти. Депозитарот не е одговорен за точноста, ажурноста и потполноста на исполнувањето на меѓусебните парични обврски помеѓу учесниците во порамнувањето и нивните клиент.

## 10. Проценка на ризиците

Во постапката за сегрегација на сметките на Депозитарот и учесниците, односно одвојување на имотот на Депозитарот од од другите активности кои ги извршува, идентификуван е оперативен ризик, кој се мери, следи и со истиот се управува согласно акти, политики и процедури на Депозитарот донесени за таа цел.

## 11. Стечај над членка на Депозитарот

Согласно одредбите од Законот за хартии од вредност, во имотот на брокерска куќа не влегуваат финансиските средства на клиентите дадени на брокерска куќа за купување на хартии од вредност од страна на клиентот или финансиски средства добиени од продажба на хартиите од вредност кои се чувале на посебни сметки отворени кај овластени институции. Со настанување на правните последици од отворање на стечајната постапка стечајниот управник е должен да ги затвори овие сметки кај овластените институции и финансиските средства кои се наоѓаат на нив да им ги врати на клиентите.

## 12. Трошоци

Депозитарот за отворање на сметки на хартии од вредност не наплатува надомест. Трошоците кои Депозитарот ги има за водење на сметките и одржување на регистарот на иматели, ги наплатува од членките и од издавачите на хартии од вредност, согласно Тарифата на Депозитарот која е јавно објавена на веб страната на Депозитарот.

## 13. Резиме

Согласно Правилата за работа, членките на Депозитарот, покрај сопственичка сметка за хартии од вредност, можат да отворат во Депозитарот и друг вид на сметка во зависност од дозволата за работа издавена од Комисијата (старателска, збирна или портфолио сметка). Хартиите од вредност на овие типови на сметки не се во сопственост на членката, туку на клиентот на членката, па оттука, уште самиот тип (назив) на сметката упатува на сегрегацијата на сопственоста на хартиите од вредност во сопственост на членката, од оние кои се во сопственост на клиентите на членката. Покрај типот (називот) на сметката, во сметката, содржан е податок за вистинскиот сопственик на хартиите од вредност на таа сметка (освен кај збирните сметки), од што произлегува дека Депозитарот обезбедува сегрегација меѓу хартиите од вредност на учесниците.

Од друга страна, овие Правила даваат приказ и на одвоеноста на имотот на Депозитарот, како од имотот на членките, така и од имотот на клиентите на членките, односно од имотот на имателите на хартии од вредност.

## 14. Транспарентност

Овој документ е јавно достапен, за сите членки на депозитарот, засегнатите страни, учесниците и пошироката јавност. Истиот се објавува на веб страната на Депозитарот.

## 15. Завршна одредба

Овие Правила влегуваат во сила со денот на донесувањето.

**Извршен директор,**

**Даринка Дамјановиќ**

ЦДХВ АД Централен депозитар за хартии од вредност Скопје